Согласно член 31 од Статутот на АД "Фустеларко Борец" - Заштитно друштво Битола, Индустриска бб, а врз основа на одлуката на Управниот одбор од 20.05.2015 година, се објавува следниот

# ЈАВЕН ПОВИК

Се свикува Годишно Собрание на акционери на АД "Фустеларко Борец" Заштитно друштво - Битола.

Собранието ќе се одржи на ден 16.05.2015 година /Сабота/ со почеток во 10 часот во деловните простории на друштвото, Индустриска б.б., Битола.

За Собранието се предлага следниот

# ДНЕВЕН РЕД

1.Избор на претседавач.

2.Избор на Верификациона комисија од 3 члена, записничар - нотар и еден бројач на гласови.

3.Разгледување и усвојување на извештајот од Управниот одбор за работењето на друштвото и одобрување на работата на членовите на Управниот одбор во 2014 година.

4.Разгледување и усвојување на извештајот за работата на Надзорниот одбор и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор во 2014 година.

5.Разгледување и усвојување на ревидираниот финансиски извештај и годишната сметка за 2014 година.

6.Предлог-одлука за измени на Статутот на АД ,,Фустеларко Борец,, Заштитно друштво-Битола.

7.Предлог-одлука за отповикување на Надзорен одбор.

8.Предлог-одлука за отповикување на Управниот одбор..

9.Предлог-одлука за избор на членови на Одбор на Директори.

10.Предлог-одлука за утврдување на надоместок за работа на членовите на Одборот на директори.

11.Предлог-одлука за избор на ревизор за 2015 година.

12.Разгледување и усвојување на Планот за работа за 2015 година.

13.Разгледување и усвојување на годишниот извештај за 2014 година на службата за внатрешна ревизија.

Вкупниот број на акции со право на глас е 71.709 акции.

Право на учество во работата на Собранието и право на глас има секој акционер, лично или од него именувано лице, кое ќе го претставува во Собранието со писмено полномошно.

Образецот за полномошно може да се преземе од интернет страницата www.fustelarko.com.mk.

Акционерите за даденото полномошно го известуваат друштвото на маил finance@fustelarko.com.mk.

Акционерите можат да предлагаат точки во дневниот ред во рок од 8 дена од денот на објавата на Јавниот повик, согласно член 390 од Законот за трговски друштва ( детални информации на официјалната интернет страница).

Акционерите можат да извршат увид во материјалите на друштвото за предложените точки од дневниот ред во правна служба секој работен ден од 10 до 14 часот, како и на официјалната интернет страница на друштвото www.fustelarko.com.mk.

УПРАВЕН ОДБОР

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКИ**

**Прва точка**

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А

За претседавач на Собрание на акционери со мандат до наредно Собрание се избира Иван Велјановски како акционер.

**Втора точка**

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А

1.Во Верификациона Комисија се избираат:

- Владимир Христовски - претседател,
- Цветанка Клисуриќ - член и
- Надица Ѓореска - член.

2.Записничар- Марија Петковска

3.За бројач на гласови се избира Јулијана Белевска Петровска.

4.Нотар-Вера Караманди.

**Трета точка**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА УПРАВЕН ОДБОР ВО 2014

Изготвен согласно:

Законот за трговски друштва, член 477 став 14 и член 384 став 7.

Составен дел на овој извештај се годишната сметка и финансиските извештаи за 2014 година.

Раководството на АД Фустеларко Борец е одговорно за објективно презентирање на фактичката состојба на друштвото, чија одговорност вклучува обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола, релевантна за подготвување и презентирање на објективни финансиските извештаи.

**ФАКТОРИ И ОКОЛНОСТИ КОИ ВЛИЈАЕА НА РАБОТЕЊЕТО НА АД**

Во призводствениот процес на АД Фустеларко борец во 2014 година, се преработиле 1.800 нето тони производ што е за 3.88%повеќе споредбено со 2013 година, а приходите од продажба се зголемени за 5%.

Споредбено со 2013 година крајниот финансиски резултат е зголемен за 303,6%, благодарение на зголеменото производство, подобрениот квалитет (големина на работен налог) како и намалени инпути (трошоци).

Показателите на економско финансиската состојба покажуваат дека друштвото е во солидна општа финансиска кондиција.

Друштвото има висок степен на финансиска стабилност, висок степен на кредитна способност и самофинансирање , односно низок степен на задолженост.

Тековните средства (166 милиони денари) се 3,3 пати поголеми од тековните обврски (50 милиони денари) (оптимална општа ликвидност 2: 1), а паричните средства и побарувањата се поголеми 3,6 пати од долговите. Фустеларко Борец има висок степен на општа и тековна ликвидност, брзо и навремено ги извршува обврските и работи со позитивен финансиски резултат, има доволни и ликвидни средства (пари и парични еквиваленти) како и континуиран прилив на пари од продажба на стоки и услуги, за да ги исполни сите свои обврски во дадените рокови, што се гледа од табелата:

## ПОКАЗАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА

## ЗА 2014 ГОДИНА

| ОПИС | | ПОКАЗАТЕЛИ (%) | |
|---|---|---|---|
| | | Тековна година | Претходна година |
| 1 | | 2 | 3 |
| I | **ПРОФИТАБИЛНОСТ** | | |
| 1 | Однос на добивка пред оданочување и вкупна актива (во % со една децимала) | 6.6 | 2.3 |
| 2 | Однос на добивка за деловна година и вкупна актива (во % со една децимала) | 6.6 | 2.3 |
| 3 | Однос на добивка пред оданочување и капитал и резерви (во % со една децимала) | 8.2 | 3.0 |
| 4 | Однос на добивка за деловна година и капитал и резерви (во % со една децимала) | 8.2 | 3.0 |
| 5 | Добивка пред оданочување по работник (во денари) | 105.496,00 | 34.743,00 |
| 6 | Добивка за деловна година по работник (во денари) | 105.496,00 | 34.743,00 |
| II | **ЕФИКАСНОСТ** | | |
| 1 | Денови на врзување на залихите (цел број)- однос меѓу производот на вредноста на залихите и бројот на деновите во годината спрема приходите од редовното работење | 60 | 59 |
| 2 | Денови на врзување на побарувањата (цел број)- однос меѓу производот на вредноста на побарувањата и бројот на деновите во годината спрема приходите од редовното работење | 171 | 147 |
| 3 | Денови на плаќање на обврските (цел број)- однос меѓу производот на вредностана краткорочните обврски и бројот на деновите во годината спрема трошоците од редовното работење | 70 | 70 |
| ИИИ | **ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ** | | |
| 1 | Финансиска сигурност-учество на капиталот и резервите во вкупната пасива (во % со една децимала) | 80.0 | 79.4 |
| 2 | Степен на кредитна способност- однос меѓу капиталот и резервите, долгор.резервирања и долгорочните обврски со постојаните средства (во % со | 254.4 | 237.2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | една децимала) | | |
| 3 | Степен на самофинансирање-однос меѓу капиталот и резервите, долгор.резервирања и постојаните средства и залихите (во % со една децимала) | 165.7 | 155.8 |
| 4 | Степен на задолженост- однос на вкупните долгови со капиталот и резервите (во % со една децимала) | 24.9 | 26.0 |
| **ИВ** | **ЕКОНОМИЧНОСТ** | | |
| 1 | Однос меѓу приходите и расходите од работењето (во % со една децимала) | 109.4 | 107.1 |
| 2 | Однос меѓу финансиските приходи и финансиските расходи (во % со една децимала) | 5.5 | 4.6 |
| 3 | Однос меѓу редовните и финансиските приходи и редовните финансиски расходи (во % со една децимала) | 106.5 | 103.8 |
| 4 | Однос на добивката за деловната година и приходите од редовното работење (во % со една децимала) | 6.7 | 2.2 |
| 5 | Однос на добивката за деловната година и финансиските приходите (во % со една децимала) | 4.640.1 | 1.497.7 |
| **В** | **ЛИКВИДНОСТ** | | |
| 1 | Моментална ликвидност-однос меѓу паричните средства и хартиите од вредност и краткорочните обврски (во % со една децимала) | 24.7 | 25.3 |
| 2 | Тековна ликвидност- однос меѓу тековните средства намалени за залихите и краткорочните обврски (во % со една децимала) | 290.9 | 254.0 |
| 3 | Општа ликвидност- однос меѓу тековните средства и краткорочните обврски (во % со една децимала) | 384.4 | 345.4 |

Основни фактори и околности кои влијаеа на работењето и резултатите од истото во 2014 година беа:

**Негативни**

- неизвесно економско опкружување и нестабилен пазар за нашите производи и побарувачка на истите.

- нејасни економски закони и често менување на законската регулатива.

**Позитивни**

-подобрување на квалитетот на нарачките (поголеми налози кое повлекува намалување на трошоците на производство) особено во четвртиот квартал од извештајната година.

-флексибилноста на работењето на АД во сите сегменти, ја зголеми довербата на нашите купувачи во поглед на роковите на испорака и квалитетот на производите.

-посветеност за обезбедување на доволен обем на работа и одговорно извршување на работните задачи на поголемиот дел од вработените.

-максимални напори за обезбедување парични средства за навремено подмирување на обврските спрема државата и вработените пред се, а и тековно надмирување на обврските спрема доверителите.

-политика на максимално намалување на трошоците на работењето.

-во 2014 година отпочна да работи новиот погон Картонажа3- производство на брановиден картон, а со самото тоа се проширува и производниот асортиман на друштвото

-извозна ориентација, која опфаќа 36% од вкупната реализација во 2014 година.

-подобрување на свеста кај вработените и нивно мотивирање за зголемување на нивниот деловен ангажман , со воспоставување на мрежно раководење и инволвирање на сите вработени се во насока на постигнување на подобри резултати..

Посебно влијание на секој од споменатите фактори тешко може прецизно да се процени , но со комбинирање на мерки и соодветна деловна политика од страна на раководството се постигнаа задоволителни резултати, што треба да биде поттик за поуспешно работење во иден период.

## ПОЛИТИКА НА ВЛОЖУВАЊА ВО ДРУГИ СУБЈЕКТИ

Управниот одбор на АД Фустеларко борец, Битола не планира поврзување со други субјекти во догледно време пред се поради тоа што нашето производство е технолошки заокружен процес за познат купувач и е прилагодено на потребите на истите.

## ПОЛИТИКА НА ДИВИДЕНДИ

Со одука на Годишното собрание во Мај 2014 година се донесе одлука 9.513 сопствени (трезорски) акции на АД Фустеларко Борец да се поништат, без намалување на основната главнина. Така да се намали бројот на акциите на Друштвото од 81.222 на 71.709 обични акции, а се зголеми номиналната вредност на акцијата од 33,24еур на 37,6458еур. Основната главнина останува непроменета.

Иако во текот на 2014 година Друштвото влезе во нови инвестиции, сепак повторно и оваа година се створија услови дел од добивката од извешајната година да се распредели на име на дивидента.

## ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО

Управниот одбор во минатата 2014 година за тековното работење и одржување на постојните средства користеше претежно сопствени ликвидни средства.

За потребите за набавка на опрема како и за тековното работење кон крајот на 2013 година земена е мултивалутна кредитна рамка (300.000еур) од Стопанска Банка Скопје (залог Шестобојна офсетна машина со проценета вредност од 399.000еур). Од оваа рамка до крајот на 2014 година искористенен е износ од 6.5милиони денари.

## ПОЛИТИКА НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ

Во нормалниот тек на спроведување на деловните активности Друштвото е изложено на повеќе различни ризици со различен степен на изложеност и тоа пазарен ризик (ризик од курсни разлики, каматен ризик и ценовен ризик), ликвиден и кредитен ризик.

Управувањето со ризиците на Друштвото опфаќа идентификување, следење, мерење и нивно управување. Поради тоа Друштвото има воспоставено режим за управување со ризиците на кои е изложено, соодветно на природата, големината и сложеноста на активностите кои ги врши.

АД Фустеларко борец со својата дејност не спаѓа во фирми на кои може да влијае работењето (пропаѓањето) на банките, берзите, и слично, бидејќи нашите производи не се од стратешки карактер за стопанството во земјата и опкружувањето во кое работиме. Меѓутоа, нашето производство е многу зависно од висината на животниот стандард на населението бидејќи амбалажата која ја изработуваме е за производи за широка потрошувачка.

Политиката на управување со ризикот која беше водена во претходните неколку години покажа солидни резултати во поглед на обезбедувањето на ликвидноста, и навремено обезбедување на репроматеријали, како основа за сигурно и континуирано работење.

Кредитниот ризик, како ризик од загуба на пари поради неможност за наплата на побарувања и заеми е намален благодарение на донесување на Законот за финансиска дисциплина со кој донекаде се гарантира наплатата на побарувањата после први мај 2014 година, а за побарувањата кои

потекуваат пред овој датум Друштвото само изнаоѓа методи и начини со кои ги гарантира своите побарувања и нивна наплата, со цел да се има и квалитетна, а не само квантитетна реализација, од која во крајна линија зависи опстанокот на друштвото.

## ПОЛИТИКА НА ГОЛЕМИ ЗДЕЛКИ

Согласно член 455 и 456 од Законот за Трговски друштва големи зделки се сите оние (вклучувајќи без ограничување, заем, кредит, залог, гаранција или меѓусебно поврзани зделки) со кои се стекнува или оттуѓува имот на друштвото чија вредност изнесува над 20% од книговодствената вредност на имотот на друштвото. Такви зделки нашето друштво во изминатата година немаше.

Што се однесува до зделки со заинтересирана страна, согласно член 457,459 и 460 од Законот за трговски друштва, Трговските друштва Мал Метропол и Јан Комерц од Битола како капитално поврзани странки со значајно учество во АД Фустеларко Борец, се јавуваат како купувачи и добавувачи во извештајната година.

## РАЗВОЈ НА ДРУШТВОТО

Основна дејност на АД Фустеларко борец е изработка на картонска амбалажа.

Технолошките можности на нашето Друштво се подоходовни за изработка на големи серии на производи за купувачи од тутунска, прехрамбена, текстилна индустрија. Од друга страна, конкурентноста на нашето производство станува ограничена, како технолошки така и географски. Во последните години во производниот процес и нови технологии се инвестирана малку позначително, со што се очекува да се поврати дел од пазарот што во изминатиот период се изгуби, а и стекнување на нови купувачи, меѓутоа географската положба (оддалеченост) од големите пазари заради големи трошоци на транспортот при набавка и испорака на материјали не дозволува поврзување со стратешки големи купувачи, чии производи се пласираат на пазарите во Европа.

Во извештајната година во Друштвото отпочна со работа новиот погон за производство на микровалова лепенка и производство на амбалажа од микровалова лепенка. Машинскиот парк во кој се инвестирање во овој погон, е предуслов за зголемување на целокупното производство, привлекување на купувачи од поразлични индустрии како и намалување на трошоците на постоечките производи (трошоци за амбалажирање).

Друштвото континуирано ги следи потребите на веќе постоечките купувачи, а и потенцијалните, а тоа значи и понатамошно инвестирање во нови посовремени технологии и флексибилност во работата.

Имајќи го во предвид фактот дека задоволен купувач значи поволна клима за зголемување на нарачка и производство, се користат разни инструменти за мерење на нивното задоволство, преземање на мерки за анулирање на проблеми , водени од фактот дека секогаш можи подобро и повеќе.

## ПРИМАЊА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА УО И НО

Членовите на Управниот одбор се од редот на вработените лица во АД Фустеларко Борец, со конкретни права и обврски според Систематизација на работни места, за што имаат склучено Договори за вработување како и сите други вработени лица во друштвото- без посебни привилегии и бенифиции заради членство во УО.

Во Надзорниот одбор на Фустеларко Борец двајца членови се вработени лица во друштвото, а тројца се надворешни членови. Членувањето во НО на ниеден од нив не му обезбедува никакви бенифиции и надоместоци.

## ПОРАКА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УО

Имајќи во предвид дека позитивни резултати на работење се добиваат само со тимско работење не само на менаџерите од прв ред во една фирма, туку и со голем ангажман на менаџерите од втор ред како и сите вработени, неоспорен е фактот дека заслугата за добрите резултати е на сите вработени.

Во нашето Друштво, полека но сигурно се воспоставува флексибилен организациски облик на раководење, со способности и вештини во тимското работење, заеднички работен јазик, кој резултира со поврзано, координирано работење, како основа за остварување на основните цели.

Основната порака упатена до акционерите во нашето друштво е да имаат доверба во раководството, кое и понатаму максимално ќе се ангажира за што поуспешно работење, отворање на нови развојни можности на друштвото, создавање на поволна бизнис клима, а со самото тоа и зголемување на профитот на друштвото.

**ПРЕДЛОГ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКА**

Резултатите по завршна сметка покажаа добивка од 16.457.433,00 денари.

Согласно член 485 Законот за Трговски друштва, 5% од добивката се распоредува на законски резерви односно во општ резервен фонд , односно износ од 822.872.00 денари.

На име на бруто дивиденда се издвојува износ од 7.170.900,00 денари.

Остатокот од нето добивката во износ од 8.463.661,00 денари се акумулира.

ФЕВРУАРИ 2015

(TOME TRAJKOCKИ)
Претседател на УО

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А

Се усвојува извештајот за работењето на Управниот одбор на АД "Фустеларко Борец" - Заштино друштво Битола за 2014 година.

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Составен дел на одлуката е и пишаниот извештај од Управниот одбор на друштвото.

**Четврта точка**

# И З В Е Ш Т А Ј
## За работата на Надзорниот одбор

Согласно членовите 249, 380, и 381 од Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор на АД „Фустеларко Борец„ - Битола во 2014 година вршеше надзор над работењето на друштвото.

Управниот одбор секој три месеци му поднесуваше извештај за работата до Надзорниот одбор, а по истекот на деловната година му поднесе годишна сметка, ревидиран финансиски извештај и годишен извештај за работата на друштвото.

Надзорниот одбор во претходната деловна година одржа неколку состаноци на кои беа разгледувани поднесените извештаии за работењето на Управниот одбор како и прашања од надлежност на овој орган.

Имено, Надзорниот одбор одржа состанок на ден 09.03.2015 година, кој се одржува задолжително во рок од еден месец пред одржување на годишното собрание на акционери.

Во извештајот од овластената ревизија БДО- ДОО Скопје е констатирано дека годишната сметка е правена според важечките законски прописи и усвоените сметководствени стандарди. На самиот состанок се одобри ревидираниот финансиски извештај за 2014 година и истиот беше доставен на усвојување на годишното Собрание на акционери.

При разгледувањето на годишниот извештај за работата на Управниот одбор во претходната деловна година, органот на управување објективно ги презентира и ги објасни главните фактори и околности коишто влијаеа на производството во 2014 година.

Од страна на Надзорниот одбор беше одобрен поднесениот годишен извештај за работењето на Управниот одбор за 2014 година и истиот пропратен до Собранието на акционери за негово усвојување.

**Март 2015** **Претседател на Надзорен одбор**

**/ Петковски Јане /**

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А

Се усвојува извештајот за работењето на Надзорниот одбор на АД “Фустеларко Борец“ - Заштино друштво Битола за 2014 година.

Составен дел на одлуката е и пишаниот извештај од Надзорниот одбор.

**Петта точка**

До акционерите на
Акционерското друштво
Фустеларко Борец АД Битола

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Фустеларко Борец АД, Битола (во понатамошниот текст: Друштвото), кои се состојат од Извештајот за финансиска состојба на 31 декември 2014 година, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промените на капиталот и Извештајот за паричните текови за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи
Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на

овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување прифатени и објавени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и примена на соодветни сметководствени проценки зависно од околностите.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја спроведовме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјлно погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама и грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни со околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите значајни аспекти, финансиската состојба на друштвото на ден 31 декември 2014 година, како и финансиските резултати и неговите парични текови за годината која завршува на тој ден, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување прифатени и објавени во Република Македонија.

Извештај за други правни и регулативни барања

Менаџментот на Друштвото е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работата е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2014 година.

Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на ФУСТЕЛАРКО БОРЕЦ АД Битола за годината која завршува на 31 декември 2014 година.

Скопје, 12 март 2015 година

Драган Димитров

Овластен ревизор Управител

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А

Се усвојува извештајот за извршената ревизија на ревидираните финансиски извештаи на АД “Фустеларко Борец“ - Заштитно друштво Битола по годишна сметка за 2014 година, извршена од страна на Друштвото за ревизија БДО ДОО Скопје, согласно Меѓународните сметководствени стандарди.

Извештајот за извршената ревизија на ревидираните финансиски извештаи на АД “Фустеларко Борец“ - Битола по годишна сметка за 2014 година претставува составен дел на одлуката.

Во 2014 година остварени се вкупно приходи 248.104.179,- денари
вкупно расходи 231.646.746,- денари
Добивката за финансиската година износува 16.457.433,- денари.

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А

За распределба на добивката за 2014година

Резултатите по завршна сметка покажаа добивка од 16.457.433,00 денари.

Согласно член 485 Законот за Трговски друштва, 5% од добивката се распоредува на законски резерви односно во општ резервен фонд односно износ од 822.872.00 денари.

На име на бруто дивиденда се издвојува износ од 7.170.900,00 денари, односно 100,00денари бруто дивиденда по акција со право на дивиденда со пресек 04.06.2015година.

Остатокот од нето добивката во износ од 8.463.661,00 денари се акумулира.

Распределба на добивка-дивиденден календар

| | |
|---|---|
| Одлука за распределба на дивиденда | 16.05.2015година |
| Усвоена дивиденда | 100,00ден по акција |
| Последен ден на тргување со право на дивиденда | 01.06.2015година |
| Прв ден на тргување без право на дивиденда | 02.06.2015година |
| Датум на пресек на акционерска книга | 04.06.2015година |
| Датум на исплата на дивиденда до | 30.09.2015година |

**Шеста точка**

Врз основа на чл.417, став 3 од Законот за трговски друштва, Управниот одбор на Акционерското друштво Фустеларко Борец - заштитно друштво, Битола на својот состанок одржан на ден 20.04.2015, во состав на Томе Трајкоски -претседател и членовите Љубе Петковски и Сашо Ѓоревски, донесоа,

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

За измена на Статутот на Акционерското друштво Фустеларко Борец заштитно друштво Битола

**Член 1**

Во Статутот на Акционерското друштво Фустеларко Борец заштитно друштво Битола, член 10 се менува и гласи: Општа клаузула за бизнис.
Општата клаузула за бизнис му овозможува на друштвото вршење на сите дејности според Националната класификација на дејности.
По исклучок од став 1 на овој член, дејностите за кои според НКД со закон е пропишано да се вршат само врз согласност, дозвола или друг акт на државен орган, друштвото може да ги врши откако за дејностите добил согласност, дозвола или друг акт на државен орган согласно со закон.
Предмет на работење во надворешен промет:
-Евидентирани дејности во надворешен промет

**Член 2**

Во член 24 точка 7 и 11 зборовите „Управниот и Надзорниот одбор" се заменуваат со зборовите „Одбор на директори".

**Член 3**

Во член 29 точка 3 се бриши и гласи: ги избира членовите на Одборот на директори.
Во истиот член во точка 4 зборовите „и Надзорниот одбор се бришат".

**Член 4**

Во член 30 во точка 3 зборовите „Управниот одбор и Надзорниот одбор" се заменуваат со зборовите „Одборот на директори". Во истиот член став 3 се бриши.

**Член 5**

Во член 31 зборовите „Управниот и Надзорниот одбор" се заменуваат со зборовите „Одборот на директори".

**Член 6**

Во член 32 зборовите „Управниот одбор" се заменуваат со зборовите „Одборот на директори".

**Член 7**

Во член 34 зборовите „Надзорниот одбор" се заменуваат со зборовите „Одборот на директори".

**Член 8**

Во член 35 зборовите „Управниот одбор" се заменуваат со зборовите „Одборот на директори".

**Член 9**

Во член 40 зборовите „Надзорниот одбор или Управниот Одбор" се заменуваат со зборовите „Одборот на директори".

**Член 10**

Во член 42 став 1 зборовите „Во сите членови зборот претседател се заменува со претседавач" се бришат.
Во став 4 зборовите зборовите „Управниот и Надзорниот одбор" се заменуваат со зборовите „Одборот на директори".
Во ставовите 5 и 6 зборовите „Управниот одбор" се заменуваат со зборовите „Одборот на директори".

**Член 11**

Насловот пред чл.45 „Управен одбор" се менува и гласи „Одбор на директори"

**Член 12**

Членот 45 се менува и гласи: Управувањето со друштвото е организирано според едностепен систем (Одбор на директори).
Одборот на директори брои пет членови, од кои два члена се извршни членови на Одборот на директори (во натамошниот текст: извршни директори, а три членови се неизвршни членови на Одборот на директори (во натамошниот текст: неизвршни членови).
Еден неизвршен член на Одборот на директори Собранието го избира како независен член на Одборот на директори. При изборот на членовите на Одборот на директори се назначува кој член се избира како независен член на Одборот на директори.

**Член 13**

Членот 46 се менува и гласи: Собранието ги избира членовите на Одборот на директори.
Членовите на одборот на директори се избираат за период од шест години, со можност да бидат повторно избрани без разлика на тоа колку мандати претходно биле избрани.

**Член 14**

После членот 46 се воведува наслов: Начин на избор на извршните членови.

**Член 15**

Членот 47 се менува и гласи: Изборот на извршните членови на Одборот на директори се врши со јавно гласање со мнозинство гласови од сите членови на одборот на директори. Еден од членовите на одборот на директори, избран за извршен член го носи називот Генерален извршен директор и го застапува друштвото во односите со трети лица. Генералниот извршен директор посебно е одговорен за прашањата на вработените и односите со нив и го води работењето на извршните членови и на негов предлог одборот на директори ја утврдува внатрешната организација и начинот на којшто се врши координацијата на водењето на работењето на друштвото.
Вториот член на одборот на директори, избран за извршен член го носи називот Извршен директор по комерцијалното работење.
Извршниот директор по комерцијално работење, раководи со комерцијалното работење на друштвото го прати процесот на работа во комерцијалниот сектор и дава предлог одлуки, мислења, заклучоци до Генералниот извршен директор и одборот на директори за правилно спроведување на работењето во комерцијалниот сектор.
За извршен член на одборот на директори - Генерален извршен директор може да биде именувано физичко лице кое е деловно способно и покрај општите услови утврдени со закон, да поседува стручност и професионалност особено во графичката

дејност, а покрај тоа и во економско-финансиската, организационата, комерцијална, правна и друга сфера и да е реномиран и потврден стручњак и да ужива авторитет за обавување на таа функција.

**Член 16**

После членот 47 се воведува наслов: Претседател на одборот на директори.

**Член 17**

Членот 48 се менува и гласи: Одборот на директори, од редот на своите неизвршни членови со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на одборот на директори, избира претседател на одборот.
Одборот на директори може да го разреши претседателот во кое било време и да избере нов претседател.
Претседателот на одборот на директори ги свикува и претседава со состаноците, одговорен е за водењето евиденција за состаноците и организирањето на другите начини (форми) на работа и одлучување на одборот на директори.
Ако претседателот од кои и да е причини не е во можност да ја врши функцијата претседател или ако е отсутен, со состаноците на одборот на директори претседава друг неизвршен член, со мнозинство гласови на присутните членови на одборот на директори.

**Член 18**

Членот 49 се менува и гласи: Одборот на директори управува со друштвото. Одборот на директори има најшироки овластувања во управувањето со друштвото во рамките на предметот на работењето на друштвото и во дејствувањето во сите околности од името на друштвото, а особено:

1. донесување програма за работа, програма за развој, годишен план за работа и годишен финансиски план на друштвото,
2.ја утврдува деловната политика,
3.назначува раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на друштвото,
4.поднесува иницијатива за изменување и дополнување на статутот,
5.донесува одлуки за инвестиции,
6.донесува одлуки за одобрување на договори за инвестициони вложувања,
7.донесува одлуки за давање односно земање на кредити во врска со остварување на планот за работа,
8.одобрува склучување на договори од поголемо значење и со подолг период на траење,
9.одлучува за внатрешна организација на друштвото и систематизација на работните места, како и сите други акти потребни за работа на друштвото
10.одлучува за употреба на посебната резерва,
11.одлучува за престанок на работен однос на работници од деловни причини и други промени, кои предизвикуваат потреба од намалување на бројот на вработените, согласно позитивните законски прописи,
12.одлучува за прашања од областа на одбраната и донесува програми во услови на војна,
13.одлучува по приговорите за заштита на правата на работниците, во случаи утврдени со закон,
14.одлучува за преземање на мерки за заштита при работа, противпожарна заштита и унапредување на животната средина,
15.се грижи и презема потребни дејствија за исполнување на со закон пропишани обврски на друштвото,

16.одлучува за вршење попис на средствата, побарувањата и обврските,
17.формира комисии од редот на членовите на Одборот на директори и од други лица,
18.одлучува за набавка на основни средства,
19.одлучува за расходување и отуѓување на основни средства,
20.одлучува за издавање на основните средства на друштвото под закуп,
21.ги определува овластените потписници на друштвото,
22.одлучува за склучување на колективен договор,
23.донесува деловник за работа,
24.донесува одлуки за финансиска помош, спонзорства и донации,
25.донесува одлуки за склучување на инвестициони вложувања за стекнување и отуѓување на недвижности и слични одлуки кои не се во надлежност на собранието и генералниот извршен директор,
26.поднесува годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на друштвото по истекот на деловната година,
27.одлучува за задолжување со кредити, купување и отуѓување на недвижности и средства на друштвото согласно позитивните законски прописи,
28.одлучува за давање на прокура,
29.врши и други работи кои не се во надлежност на собранието и на извршниот член на одборот на директори - Генералниот извршен директор.

**Член 19**

Член 50 се менува и гласи: Одборот на директори не може да ги пренесе врз извршните членови овластувањата кога се одлучува за:
1.затворање /престанување/ или пренос на претпријатие или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на друштвото,
2.намалување или проширување на предметот на работење на друштвото,
3.суштествени внатрешни организациони промени на друштвото што се определуваат со акт на друштвото,
4.воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за друштвото или нејзино прекинување,
5.основање и престанување на трговско друштво што учествува со над една десетина во основната главнина на друштвото.

**Член 20**

Во членот 51 став 1, зборовите „Управниот одбор” се менуваат со зборовите „Одборот на директори”.
Став 2 се брише.

**Член 21**

Член 52 се менува и гласи: Правата и обврските на извршните членови на одборот на директори, покрај правата и обврските определени со закон и овој статут, се определуваат и со договор за уредување на односите меѓу друштвото и извршниот член на одборот на директори. Од името на друштвото договорот со изврниот член на одборот на директори го склучуваат неизвршните членови на одборот на директори, а го потпишува претседателот на одборот на директори.

**Член 22**

Членот 53 се менува и гласи: Генералниот извршен директор го води работењето на друштвото и има најшироки овластувања да ги врши сите работи сврзани со раководењето, спроведувањето на одлуките на одборот на директори и вршењето на

тековните активности на друштвото и да дејствува во сите околности од името на друштвото, а особено:

1. го претставува и застапува друштвото без ограничување во внатрешниот и надворешниот трговски промет
2. го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на собранието и на одборот на директори на друштвото
3. ја утврдува материјалната одговорност на работниците,
4. го организира и го раководи процесот на работа и работењето на друштвото,
5. предлага внатрешна организација на друштвото,
6. склучува договори,
7. ја организира и обезбедува работната дисциплина во друштвото,
8. ја обезбедува законитоста во работата и примената на прописите, со овој статут и другите акти на друштвото,
9. се грижи за остварување на обврските на друштвото од областа на одбраната,
10. изготвува елаборат за организациони промени и други промени, кои предизвикале потреба од намалување на бројот на вработените,
11. одлучува во прв степен за поединечните права, обврски и одговорностите на работниците, и други права од работен однос,
12. формира стручни комисии и работни тела,
13. го информира одборот на директори за одделни прашања од работењето на друштвото,

14.за работите од својата надлежност издава акти, упатства, налози и наредба со кои се обезбедува работењето на друштвото,

15.одлучува за работниот придонес на работниците, за особени заслуги во извршувањето на работните задачи, на вработен може да даде и награда во висина од најмногу три просечни плати на друштвото остварени во месецот кога се дава наградата,

16.одлучува за службени патувања во земјата и странство,

17.најмалку еднаш на три месеци му поднесува на одборот на директори пишан извештај за работењето на друштвото,

18.по истекот на деловната година до одборот на директори поднесува годишна сметка , годишни финансиски извештаи за работењето на друштвото,

29.врши и други работи во врска со работењето на друштвото.

На барање на неизвршните членови на одборот на директори генералниот извршен директор составува посебен извештај за состојбата на друштвото или за некое прашање од неговото работење.

Неизвршните членови на Одборот на директори можат сами или да задолжат кое било вработено лице во друштвото да превземат дејствија заради стекнување увид во работењето на друштвото и управувањето со него од страна на извршните членови на одборот на директори.

Секој неизвршен член на одборот на директори заради извршување на својата функција, има право да ги разгледува сите извештаи, акти и документи што извршните членови на одборот на директори ги доставува на неизвршните членови на одборот на директори.

**Член 23**

Членовите 54, 55, 56 и 57 се бришат.

**Член 24**

Членот 58 се менува и гласи: Одборот на директори може да работи и одлучува ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови, од кои бројот на присутните неизвршни членови на одборот на директори мора да биде поголем од бројот на присутните извршни членови на одборот на директори.
Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од кворумот определен во став 1 на овај член.
Гласот на претседателот на Одборот на директори е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.

**Член 25**

Во член 59 став 1 зборовите „Управниот одбор" се заменуваат со зборовите „Одборот на директори".
Во став 3 зборовите „и до Надзорниот одбор" се бришат.

**Член 26**

Членот 60 се менува и гласи: Извршните членови најмалку еднаш во три месеци му поднесуваат на Одборот на директори пишан извештај за работењето на друштвото.
На барање на неизвршните членови на одборот на директори генералниот извршен директор составува посебен извештај за состојбата на друштвото или за некое прашање од неговото работење.
Неизвршните членови на Одборот на директори можат сами или да задолжат кое било вработено лице во друштвото да превземат дејствија заради стекнување увид во работењето на друштвото и управувањето со него од страна на извршните членови на одборот на директори.
Секој неизвршен член на одборот на директори заради извршување на својата функција, има право да ги разгледува сите извештаи, акти и документи што извршните членови на одборот на директори ги доставува на неизвршните членови на одборот на директори.

**Член 27**

Во член 61 зборовите „Управниот одбор" се заменуваат со зборовите „Одборот на директори".

**Член 28**

Член 62 се брише

**Член 29**

Во член 63 се менува и гласи: Собранието може да ги отповика сите членови на одборот на директори и пред истекот на времето за коешто биле избрани.
Извршен член на одборот на директорите може да биде отповикан од страна на одборот на директори во кое било време, со или без образложение.
Извршниот член кој е отповикан има право да бара надомест на штета ако е така определено со договор.

Член на Одборот на директори може да поднесе оставка во кое било време со поднесување писмено известување до органот што го избрал.

**Член 30**

Пред членот 64 насловот „Надзорен одбор” се брише.
Се бришат и членовие 64, 65, 66, 67,68,69, 70 и 71.

**Член 31**

Во членот 72 зборовите „Управниот и надзорниот одбор” се менуваат со зборовите „Одборот на директори”.

**Член 32**

Во членот 73 зборовите „Управниот одбор” се менуваат со зборовите „Одборот на директори”.

**Член 33**

Во членот 74 и 76 зборовите „Управниот одбор” се менуваат со зборовите „Одборот на директори”.

**Член 34**

Во членот 79 зборовите „Управниот одбор” се менуваат со зборовите „Одборот на директори”.

**Член 35**

Во членовите 82,83, 84,85 зборовите „Управниот одбор” се менуваат со зборовите „Одборот на директори”.

**Член 36**

Во членот 88 зборовите „Управниот одбор” се менуваат со зборовите „Одборот на директори”.
Зборот „директорите” се брише.

**Член 37**

Во членот 89 став 2 и 3 зборовите „Управниот одбор” се менуваат со зборовите „Одборот на директори”.

**Член 38**

Во член 93 зборовите „Управниот одбор” се заменуваат со зборовите „Одборот на директори”. Зборовите „Надзорен одбор” се бришат.

**Член 39**

Во член 94, 95 и 96 зборовите „Управниот одбор" се заменуваат со зборовите „Одборот на директори".

**Член 40**

Во членот 98 се додава став 2 кој гласи: Со донесувањето на изменатта на статутот од собранието на друштвото, собранието го овластува Одборот на директори да подготви пречистен текст на статутот. Со подготвувањето на пречистениот текст на статутот од Одборот на директори престанува да важи статутот на Акционерското друштво Фустеларко Борец -заштитно друштво-Битола, 02-158 од 31.05.2015 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Оваа Предлог-одлука за измена на Статутот на АД Фустеларко Борец -Битола, до собранието ја предлага Управниот одбор, со цел да се извршат измени во однос на управувачката структура на друштвото за која измена подолго време се има дискутирано на состаноците на Управен одбор. Целта е да се постигне концентрирање на надлежностите на друштвото во еден орган, даде простор за размислување на членовите на управен одбор и другите поголеми акционери, да се прифати иницијативата и да се извршат измени во статутот, со тоа што двостепениот систем на управување да се замени со едностепен систем на управување односно во Одбор на директори. Одборот на директори ќе биде составен од пет членови од кои два извршни директори и три неизвршни од кои еден е независен. Управувачката функција на друштвото ќе ја врши Одборот на директори. Генералниот извршен директор ќе го води работењето на друштвото и ќе го застапува друштвото во односите со трети лица, а вториот извршен директор ќе го има називот извршен директор за водење на комерцијалното работење. По конкретно надлежностите на одборот на директори и извршните члени на одборот на директори е внесен во оваа предлог-измена на статутот, која сметаме дека работењето на друштвото ќе се извршува порационално и ќе даде позитивни ефекти како во однос на управувањето така и во однос на работењето со друштвото. Другите предлог-измени се во мал обем и се однесуваат односно вградени се согласно измените во Законот за трговски друштва и измените во Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на другите правни лица кои се и обврзучачки за друштвото.

**Седма точка**

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А
**За отповикување на Надзорен одбор**

1.Се отповикуваат членовите на Акционерското друштво Фустеларко Борец Заштитно друштво Битола :
1.Јане Петковски од Битола
2.Миле Павловски од Битола
3.Тони Тарунџиовски од Прилеп
4.Ѓорѓи Петровски од Битола
5.Благој Николовски од Битола

**Осма точка**

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А
**За отповикување на Управен одбор**

1.Се отповикуваат членовите на Акционерското друштво Фустеларко Борец Заштитно друштво Битола :

1. Томе Трајкоски од Битола
2. Љубе Петковски од Битола
3. Сашо Ѓоревски од Битола

**Деветта точка**

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А
**За избор на членови на Одбор на директори**

1.За членови на Одбор на директори на Акционерското друштво Фустеларко Борец Заштитно друштво Битола се избираат:
___________________________ од ___________ ЕМБГ________________________
___________________________ од ___________ ЕМБГ________________________
___________________________ од ___________ ЕМБГ________________________
___________________________ од ___________ ЕМБГ________________________
___________________________ од ___________ ЕМБГ________________________

2.За независен член на Одборот на директори се назначува
_________________________.

3.Членовите на Одборот на директори се избираат за мандат од шест години.

4.Се овластува Генералниот извршен директор на друштвото да изврши упис на одлуката во трговскиот регистар.

5.Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

**Десетта точка**

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А

Се предлага надоместокот за работа на членовите на Одборот на директори да изнесува ______ денари.

**Единаесетта точка**

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А

**За избор на ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на АД Фустеларко Борец Битола за 2015 година**

Член 1

За ревизија на Годишната сметка и на Финансиските извештаи на АД Фустеларко Борец Битола, за годината што завршува на 31.12.2015 година, се избира овластеното Друштво за ревизија БДО ДОО Скопје.

Член 2

Се овластува Генералниот директор да склучи договор со Друштвото за ревизија од член 1 на оваа одлука, во кој ќе бидат регулирани правата, обврските и одговорностите помеѓу корисникот и давателот на услугите.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**Дванаесетта точка**

## ПЛАН 2015 год.

(во 000 ден.)

| о п и с | остварено 2013г. | остварено 2014г. | план 2015г. | % | % струк |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен приход | 244.464 | 246.352 | 233.640 | | |
| Приходи од продажба | 231.986 | 233.087 | 221.850 | | |
| Останати приходи | 12.478 | 13.265 | 12.800 | | |
| Приходи по основ на вложувања | | | | | |
| Вкупни расходи | 239.045 | 229.895 | 221.940 | | |
| Матријални трошоци | 177.446 | 171.681 | 162.300 | | |
| Бруто плати | 40.886 | 41.662 | 46.145 | | |
| Останати трошоци | 2.787 | 2.625 | 2.171 | | |
| Добивка | 5.419 | 16.457 | 11.700 | | |
| Загуба | | | | | |

Планската продажна цена на 1кг. хромокартон изнесува:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 750Т. бело сив - дом.пазар | x | 98 ден. = | 73.500.000 ден. |
| 710Т. бело сив - извоз | x | 115 ден. = | 81.650.000 ден. |
| 460Т. бело бел | x | 145 ден. = | 66.700.000 ден. |
| 1920 Т. | | | 221.850.000 ден. |

Планската набавна цена на 1кг. Хромокартон:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1800 Т. бело сив | x | 35 ден. = | 63.000.000 ден. | |
| 190 Т. бело бел | x | 67 ден. = | 12.730.000 ден. | - за тутунска индустрија |
| 160 Т. бело бел | x | 61 ден. = | 9.760.000 ден | - за фармација |
| 150 Т. бело бел | x | 36 ден. = | 5.400.000 ден. | - за кондиторска индустрија |
| 2300Т. | | | 90.890.000 ден. | |

Планиран шкарт : бело сив 20% и бело бел 10%,
односно просечно 18% шкарт.
Вработени 174

# ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА

Се усвојува годишниот план за работа на АД Фустеларко Борец - Битола за 2015 година.

Планот претставува составен дел на записникот.

**Тринаесетта точка**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА

Во А.Д. ´Фустеларко Борец´ во 2014 година се направија солидни резултати и во обем на производсто и во обем на реализација на посто - ечките побарувања. Годината ја завршивме со одлични резултати односно добивка од 16.457.433 денари, или 267.600,05 еур така што имаме три пати поголема добивка од ланската година.

Поголемата добивка оваа година се должи на зголемениот обем на нара - чки од страна на купувачите на домашен пазар, би ја издвоиле Европа, Скопје .... и на странски пазар, би ја издвоиле Профарма, Тирана Албанија и многу други. Исто така треба да ги издвоиме и големите количини на блан - кети и штеки за цигари кои беа изработени, испорачани и наплатени и тоа 4.000.000 бланкети за Словачка и 5.300.000 бланкети за Албанија табак. Зголемената добивка се должи и на намалените цени за набавка на потре - бните суровини и репроматријали а посебно кај картонот која е наша осно - вна суровина.

И оваа година имавме потешкотии околу наплатата на нашите побарува - ња од страна на купувачите, што е резултат на тешката економска состојба во нашата земја како и во соседните земји. Но со договор помеѓу комитен - тите се врши наплата а во некои случаи се применуваат и економските инструменти за наплата - компензација или цесија - па така се подмируваат долговите.

Вкупната годишна реализација изнесува 207.342.807,52 ден и тоа поделена на домашен пазар изнесува 105.728.049,00 и реализација во странски пазар изнесува 101.614.758,52 ден.

Обемот на реализација од месец во месец е варијабилен, како и односот на домашен пазар споредбено со извоз е за неколку проценти поголем.

Годишниот извоз изнесува 1.665.377,77 еур или процентуално изгледа вака:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Србија | 486.023,22 | односно | 29,18% |
| Косово | 350.049,38 | односно | 21,02% |
| Хрватска | 41.539,10 | односно | 2,49% |
| Босна | 268.275,61 | односно | 16,11% |
| Албанија | 407.172,86 | односно | 24,45% |
| Грција | 38.854,19 | односно | 2,33% |
| Црна Гора | 30.190,41 | односно | 1,82% |
| Словачка | 43.273,00 | односно | 2,60% |

Како купувачи кои се застапени со најголем процент во вкупната реализација за 2014 година се:

1. на домашен пазар:
- Европа, Скопје - 8,90%
- Витаминка, Прилеп - 6,93%
- Мак Прогрес, Виница - 7,45%

2. на странски пазар:
- Профарма, Албанија - 8,22%
- Матекс, Суботица - 4,90%
- Мира, Приједор - 4,38%

Нови купувачи кои се јавуваат оваа година се: Ана Мил, Загреб; Василев Вера, Хрватска; Ругове, Приштина; ЈУС МБ, Скопје; Колид, Струмица; Фиона, Тетово и други.

Оваа година вкупно планиран и даден картон во производство имавме 2.144 тони односно за 1,97% помалку од ланската година, а вкупна реализација на готов производ имавме 1.798 тони картонски кутии што споредбено со претходната 2013 г е за 3,62% повисока.

Значи остварено за 2013г и 2014г како и план за 2015г табеларно би изгледал вака:

| опис | остварено 2013г | остварено 2014г | план 2015г |
|---|---|---|---|
| Вкупен приход | 244.464 | 246.352 | 233.640 |
| Приходи од продаж. | 231.986 | 233.087 | 221.850 |
| Останати приходи | 12.478 | 13.265 | 12.800 |
| Приходи по основ на вложувања | | | |
| Вкупни расходи | 239.045 | 229.895 | 221.940 |
| Матријални трошоци | 177.446 | 171.681 | 162.300 |
| Бруто плати | 40.886 | 41.662 | 46.145 |
| Останати трошоци | 2.787 | 2.625 | 2.171 |
| Добивка | 5.419 | 16.457 | 11.700 |
| Загуба | | | |

Работењето во фабриката се одвиваше со полн капацитет во сите по - гони така што капацитетот на работна сила изнесуваше над 95% а доде - ка капацитетот на искористување на машините изнесуваше над 75% рабо - тејки во две смени, а по потреба се воведуваше и трета смена но само на тие машини каде што имало во моментот потреба.

Во текот на целата година но периодично со прекини и зависно од потребите на производство односно потребите во Картонажа 2 во делот на рачна доработка беа вработени шест жени преку агенцијата за вработување ЗЕТА со договор на определено време.

Бројот на вработени изнесуваше од 157 во јануари до 166 во декември. А структурата на вработени изгледа вака:

Воздрасна структура:

| | |
|---|---|
| 20 - 24 год. | 9 |
| 25 - 29 год. | 12 |
| 30 - 34 год. | 35 |
| 35 - 39 год. | 28 |
| 40 - 44 год. | 28 |
| 45 - 49 год. | 24 |
| 50 - 54 год. | 14 |
| 55 - 59 год. | 7 |

Според школската подготовка:

| | |
|---|---|
| Без образование | 4 |
| Основно образование | 44 |
| 3 год. Средно образование | 21 |
| 4 год. Средно образование | 62 |
| Више образование | 14 |
| Високо образование | 11 |
| Магистратура | 1 |

А додека пак најниската плата изнесуваше 9 100,00 денари а највисоката изнесуваше 40.400,00 денари.

Оваа година ќе ја запаметиме по отворањето на новиот погон Картонажа 3, во кој ќе се изработува валовита лепенка која служи за транспортни па - кети и каширани кутии. Подготовките за овој погон започнаа уште од лан - ската година и продолжија и оваа година со изведба на градежни работи и оспособување на погонот , па се до монтирање на машините за изработка на валовитата лепенка. Значи во погонот се изработуваат двослојна, тро - слојна и петтослојна лепенка, а од неа се изработуваат транспортни пакети кои можат да бидат и штампани, а лепенката се користи и за каширани кутии. Транспортните пакети се користат за наши потреби но поголем дел се изработуваат по нарачка на купувачите. Последниот месец започнавме и со извоз на транспортните кутии.

Голема заслуга околу оспособувањето на овој погон и монтирањето на

машините имаат вработените во одделението Одежување, кои заедно со монтерите од Кина ги монтираа и пуштија во употреба сите машини. Покрај ова тие редовно си ги извршуваа своите обврски и контроли на исправноста на машините така што поголеми застои и дефеци не се забе - лежани освен некои помали интервенции кои тековно беа отстранувани.

Освен инвестициите кои беа направени во Картонажа 3, направени се некои инвестиции во нематријални вложувања односно набавени се нови компјутери, монитори, нов софтвер и др.

Воглавно Внатрешната Ревизија утврди задоволителни резултати и од самото производство како и од постигнатите финансиски резултати. Секако Планот за наредната 2015год ни е оптимистички и се очекуваат солидни резултати и во обемот на производство и во постигнатите финан - сиски резултати.

## **П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А**

Се усвојува годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2014 г. Извештајот претставува составен дел на записникот.